Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 27 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), на седницата одржана на ден 28 ноември 2017 година, донесе

**ПРАВИЛА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

**ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

(1) Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16 и 80/17), во членот 28, точката 4, се менува и гласи:

„со отпочнување на постапка за ликвидација на учесникот на пазарот,“

**Член 2**

(2) Во Правилата за пазар на електрична енергија, во членот 28, по ставот 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„Учесникот на пазарот е должен без одлагање да го извести ОПЕЕ кога врз него е отворена постапка за стечај.“

**Член 3**

(1) Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Бр. 01-1972/1**

**28.11.2017 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**